Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 15[1] и член 18 став 1 алинеја 22 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), член 39 став 1 алинеи 1 и 15 и член 15 став 1 алинеја 19 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, а согласно Националната стратегија за спречување на корупција и судирот на интереси 2021-2025 донесена од Државната комисија за спречување на корупција, Директорот на Агенцијата, донесе

# Годишен план за спречување на корупција на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023 година[2]

## Вовед

Корупцијата е еден од главните предизвици и опасности за демократското општество и владеењето на правото, поради што нејзиното спречување и превенција е предуслов за добро управување и функционирање на институциите во согласност со Уставот, законите, меѓународните и националните етички кодекси. Таа врши ерозија на институционалните капацитети и го поткопува легитимитетот на државните институции, со што се намалува довербата во нив.

Со оглед на претходно наведеното, во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (во понатамошниот текст: Агенцијата) не се толерира коруптивно однесување или било каква форма на неетичко и неморално однесување. За ефикасна борба против корупцијата подеднакво се важни нормативните решенија, ефикасна примена на законите, институционалната рамка, личниот капацитет и интегритет, како и соработка меѓу институциите во земјата и зајакнување на меѓународна соработка.

Оттука, со начелата на независност, професионалност и етичност во извршувањето на надлежностите утврдени со закон се гарантира зајакнување на интегритетот на институциите и се зајакнува системот на политики, стандарди и процедури воспоставени од институциите. Тргнувајќи од овие начела, Агенцијата има: донесено Годишен план за спречување на корупција на Агенцијата за 2021 година и Годишен план за спречување на корупција на Агенцијата за 2022 година; назначено овластено лице за прием на пријави од

---

[1]Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелнимедиумскиуслуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18).

[2] Документот претставува изјава за посветеноста на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во градењето отпорност од корупција и активностите кои ќе бидат преземени за спречување корупција во 2023 година

укажувачи согласно одредбите од Законот за заштита на укажувачи; донесено Стратегија за управување со ризици како и назначено одговорни лица кои ги следат и управуваат со истите; работни позиции во кои е утврдено постапување по Законот за претставки и предлози како и постапување по одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и работна позиција Внатрешен ревизор кој врши работи и задачи во врска со спроведувањето на внатрешната ревизија на работењето на Агенцијата.

## Цел на Годишниот план за спречување на корупција за 2023 година

Целта на годишниот план за спречување на корупција е да се продолжи со преземање мерки и активности за спречување на корупцијата, преку кои Агенцијата ја демонстрира својата волја за борба против корупцијата на начин што обезбедува членовите на Советот на Агенцијата, директорот и вработените во стручната служба на Агенцијата при спроведувањето на надлежностите детерминирани со законите и извршувањето на своите работни обврски, да постапуваат професионално, непристрасно, објективно и совесно, а особено да:

- не се раководат од лични, деловни и финансиски интереси;
- не ги злоупотребуваат овластувањата;
- го унапредуваат процесот на законитост во работењето;
- рационално ги користат средствата предвидени во финансискиот план одобрен од Советот на Агенцијата;
- обезбедуваат транспарентност и отчетност во работењето на Агенцијата;
- ја почитуваат финансиската дисциплина;
- задолжително да пријават коруптивно, недозволиво, незаконито и неетичко однесување на лица вработени во Агенцијата.

## Мерки и активности

Годишниот план за спречување на корупција на Агенцијата за 2023 година содржи збир на мерки, активности, надлежни организациони единици/назначено лице, рок за реализација, индикатори за исполнување и финансиски импликации за реализација на активностите со цел имплементација на мерките.

Активностите предвидени во Планот се резултат не само на проценката на изложеноста на Агенцијата на ризиците за појава и развој на корупција, изложеноста на етички и професионално неприфатливи поставки, туку се дијагностицирани и селектирани приоритетните области кои би можеле да генерираат потенцијален ризик од корупција и се идентификувани мерки за нивно спречување.

Планот е конципиран на начин што обработува сегменти од следниве области:

1. Јавни набавки/планирање на буџет и спроведување на постапките;
2. Постапување по пријави на укажувачи;

3. Постапки за пристап до информации од јавен карактер;
4. Планирање и управување со финансии;
5. Кадровска политика, професионално и етичко однесување на вработените; и
6. Спроведување надзор.

**Резиме од спроведените активности и мерки од Годишниот план за спречување на корупција на Агенцијата за 2022 година**

На 10.02.2022 година, Агенцијата го донесе Годишниот план за спречување на корупција за 2022 година, кој содржеше 5 (пет) области и тоа: Област: 1. Јавни набавки/планирање на буџет и спроведување на постапките, Област: 2. Постапување по пријави на укажувачи, Област: 3. Планирање и управување со финансии, Област: 4. Кадровска политика, професионално и етичко однесување на вработените и Област: 5. Спроведување надзор.

При тоа, од овој план произлегоа следните клучни резултати по области:

Област: 1. Јавни набавки/планирање на буџет и спроведување на постапките

➢ *Подобласт: 1.1. Несоодветно планирање на буџетот/Планирање и управување со финансиските средства наменети за спроведување на постапките за јавни набавки*

✓ Јавните набавки беа соодветно планирани преку доставување предлози за потреби од јавни набавки при подготовка на Годишниот план за јавни набавки за 2022 година и вработените во Агенцијата земаа активно учество при сите измени и дополнувања на погоре цитираниот план;
✓ Беше извршена реална проценка на вредноста на договорите за јавни набавки кои беа планирани да се спроведат во 2022 година;
✓ На веб страната на Агенцијата (www.avmu.mk) континуирано беа објавувани сите постапки за јавни набавки кои се во тек, поништените постапки, завршените постапки за јавни набавки и известувањата за склучените договори за јавни набавки со економските оператори;
✓ Во текот на 2022 година беше реализирана контрола на процедурата за јавни набавки од страна на внатрешните ИСО проверувачи;
✓ Во март 2022 година беше реализиран и договорот во врска со активностите (барањата) на независната ревизорска куќа ангажирана од Агенцијата;

➢ *Подобласт: 1.2. Несоодветно спроведување на постапките за јавни набавки*

✓ Во октомври 2022 година, во просториите на Агенцијата, беше реализирана еднодневна обука на тема „Примена на стандардите при подготовка на

техничките спецификации, дефинирање на критериумите за утврдување способност и следење/контрола на реализацијата на склучените договори за јавни набавки“, со што предвидената мерка – Зајакнување на капацитетите на лицата кои ги подготвуваат техничките спецификации е целосно реализирана;

- ✓ Во текот на 2022 година, до овластеното лице за прием на пријави од укажувачи во Агенцијата не се пријавени обиди за влијание врз лицата кои ги подготвуваат Техничките спецификации на јавните набавки, како и врз членовите на комисиите за јавни набавки;
- ✓ Назначените членови на комисиите за јавни набавки и директорот, даваа изјави за непостоење судир на интереси и постапуваа согласно Кодексот на однесување при спроведување на јавните набавки.

## Област: 2. Постапување по пријави на укажувачи

- Во текот на 2022 година, се продолжи со доследно почитување на одредбите од Законот за заштита на укажувачите (ЗЗУ), Правилниот за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор (ПЗВПИЈС) и Упатството за прием на пријави од укажувачи на Агенцијата (УППУ). Исто така, од страна на овластеното лице за прием на пријави од укажувачи во Агенцијата, а во насока на унапредување на знаењето на вработените, беа споделени информации за тоа што се уредува со ЗЗУ, што се пропишува со ПЗВПИЈС, за донесеното УППУ, за овластеното лице за прием на пријави од укажувачи во Агенцијата, кој може да се јави како укажувач, начин на пријавување и постапка по пријави од укажувачи, заштита на укажувачот и злоупотреба на пријавувањето. Со цел обезбедување поголема видливост на постапката за поднесување пријави од укажувачи на веб страната на Агенцијата, беше креиран посебен дел на нејзината веб страна, со насоки за прием на пријави од укажувачи. Во 2022 г. до Агенцијата не е поднесена ниту една пријава од укажувачи.

## Област: 3. Планирање и управување со финансии

- ✓ На веб страната на Агенцијата беше објавен Финансискиот план на Агенцијата и сите негови измени и дополнувања во 2022 година;
- ✓ На веб страната на Агенцијата беше објавен Годишниот извештај за работа на Агенцијата;
- ✓ Сите организациони единици во Агенцијата, во текот на месец октомври 2022 година, согласно своите реални потреби, а заради подготовка на Финансискиот план на Агенцијата за 2023 година, учествуваа во планирањето на годишниот буџет за 2023 година, на начин што до Секторот за финансии и логистика доставија свои предлози за средствата кои ќе им бидат потребни за непречена реализација на своите активности во текот на 2023 година;
- ✓ Советот на Агенцијата на 42-та седница одржана на 18.11.2022 година, отвори јавна расправа за текстот на Нацрт – Финансискиот план на Агенцијата, која траеше до 17.12.2022 година. По завршување на јавната расправа, од страна на

Советот на Агенцијата, ќе се донесе Финансиски план на Агенцијата за 2023 година.

## Област: 4. Кадровска политика, професионално и етичко однесување на вработените

- ✓ Објавен е еден оглас за вработување на определено време, во два дневни весници како и на веб страната на Агенцијата, заради поголема транспарентност и зголемување на достапноста на огласот за вработување.
- ✓ Формирана е Комисија за спроведување на огласот за вработување, извршено интервју и доставен извештај до Директорот со предлог за избор на кандидат за вработување, по што беше избран предложениот кандидат.
- ✓ На веб страната на Агенцијата беа објавени сите важечки интерни акти, нивните измени и дополнувања и другите прописи и беа дистрибуирани до сите раководители на организационите единици во Агенцијата, со цел да ги споделат со вработените во нивните сектори.
- ✓ Нововработеното лице, како и лицата ангажирани преку избраната агенција за привремени вработувања беа запознаени со важечките интерни акти, нивните измени и дополнувања и другите прописи, со цел нивно едуцирање и зголемување на интегритетот и професионалноста во работењето.

## Област: 5. Спроведување надзор

- ✓ Нивото на отпорност кон корупцијата при надзорот и изрекувањето мерки во 2022 година беше високо, при што доследно беа спроведени ИСО процедурите за вршење надзор.
- ✓ Одговорно и доследно беше постапувано при обезбедување снимки, давање предлози за мерки и нивно изрекување, како и при изработка на мерките, архивирањето и застапувањето пред надлежните судови.
- ✓ Преземените активности беа спроведени со предвидената динамика и согласно рокот за реализација.
- ✓ Усвоената Процедура за пријавување обид за притисок при надзорот и изрекувањето мерки беше објавена на веб страницата на Агенцијата.

ОБЛАСТ: 1.ЈАВНИ НАБАВКИ/ ПЛАНИРАЊЕ НА БУЏЕТ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКИТЕ

Подобласт: 1.1. Несоодветно планирање на буџетот/Планирање и управување со финансиските средства наменети за спроведување на постапките за јавни набавки

| Мерка | Активност | Надлежна организациона единица/назначено лице | Рок за реализација | Индикатор на исполнување | Финансиски импликации |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Соодветно планирање на јавните набавки | 1.1.Доставување предлози за потреби од јавни набавки од страна на организационите единици во Агенцијата со цел подготовка на Годишен план за јавни набавки за 2023 година | Сите организациони единици во Стручната служба на Агенцијата | Континуирано | Навремено доставени предлози | Да |
| 2. Донесување на Годишен план за јавни набавки за 2023 година | 2.1. Подготовка на Годишен план за јавни набавки за 2023 година | Сектор за правни работи и јавни набавки | До 31.01.2023 година | Објава на Годишниот план за јавни набавки на ЕСЈН и на веб страницата на Агенцијата | Да |
| 3. Економично, ефикасно и ефективно користење на средствата наменети за спроведување постапки за доделување на договори за јавни набавки | 3.1.Реално проценување на вредноста на секој договор за јавна набавка со пресметување на вкупниот износ за реализирање на договорот, имајќи ги предвид пазарните услови, секоја опција и секое евентуално зголемување на вредноста на договорот кои можат да се предвидат во моментот на проценката | Сите организациони единици во Стручната служба на Агенцијата | При подготовка на Годишниот план за јавни набавки и пред започнување одделна постапка | Спроведени постапки за доделување на договори за јавна набавка во рамките на проценетите средства | Да |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 4. Транспарентно трошење на средствата предвидени за реализација на јавни набавки и контрола во јавните набавки | 4.1.Објавување на постапките за јавни набавки кои се во тек, на завршените постапки за јавни набавки и на договорите за јавни набавки на веб страната на Агенцијата | Сектор за поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата<br><br>Сектор за правни работи и јавни набавки | Континуирано | Достапност на информации на веб страницата на Агенцијата | Не |
| | 4.2. Спроведување редовни и вонредни внатрешни контроли | Служба за внатрешна ревизија | Врз основа на проценката на ризик што ја врши внатрешниот ревизор и врз основа на стратешкиот и годишниот план за внатрешна ревизија | Наод во Извештајот од спроведената ревизија | Не |
| 5. Почитување на законските прописи и пропишаните интерни процедури за јавни набавки | 5.1.Контрола од страна на внатрешните ИСО проверувачи | ИСО внатрешни проверувачи назначени со Решение бр.03-2688/1 од 01.06.2018 година | Во текот на 2023 година | Наод во Извештајот на ИСО | Не |
| | 5.2.Годишна ревизија | Независна ревизорска куќа ангажирана од Агенцијата | Во текот на 2023 година | Наод во Извештајот од ревизорската куќа | Да |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 5.3.Периодична внатрешна ревизија | Внатрешен ревизор | Во текот на 2023 година | Наод во Извештајот од спроведена внатрешна ревизија | Не |
| Подобласт: 1.2. Несоодветно спроведување на постапките за јавни набавки | | | | | |
| **Мерка** | **Активност** | **Надлежна организациона единица/назначено лице** | **Рок за реализација** | **Индикатор на исполнување** | **Финансиски импликации** |
| 1. Зајакнување на капацитетите на лицата кои ги подготвуваат техничките спецификации | 1.1.Креирање и спроведување на обуки за примена на стандардите при подготовка на техничките спецификации и критериумите за утврдување способност за вработените во организационите единици во Стручната служба на Агенцијата кои ги изработуваат техничките спецификации согласно Распоредот за јавни набавки | Сектор за правни работи и јавни набавки | Континуирано | Број на спроведени обуки (годишно) | Да |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2. Спречување на влијание врз лицата кои ги подготвуваат техничките спецификации на постапките за јавни набавки | 2.1.Поголема транспарентност при изработката на техничките спецификации преку претходна проверка на пазарот и спроведување технички дијалог таму каде што е погодно. | Сектор за правни работи и јавни набавки | Континуирано | Успешно спроведени постапки за доделување договори за јавни набавки | Не |
| | 2.2. Пријавување обид за влијание врз лицата кои ги подготвуваат техничките спецификации на набавките (до овластеното лице за прием на пријави од укажувачи во Агенцијата) | Сите лица кои подготвуваат технички спецификации согласно Распоредот за постапките за јавни набавки на Агенцијата | Континуирано | Број на доставени пријави до овластеното лице за прием на пријави од укажувачи во Агенцијата | Не |
| 3. Спречување на влијание врз членовите на комисиите за јавни набавки | 3.1 Пријавување обид за влијание врз членови на комисиите за јавни набавки (до овластеното лице за прием на пријави од укажувачи во Агенцијата) | Сите назначени членови на комисии за јавни набавки во Агенцијата | Континуирано | Број на доставени пријави до овластено лице за прием на пријави од укажувачи во Агенцијата | Не |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 3.2 Давање изјави за непостоење судир на интереси | Сите назначени членови на комисии за јавни набавки во Агенцијата и директорот на Агенцијата | Континуирано | Број на случаи:<br>- кога членовите на Комисиите за јавни набавки дале неточни изјави за постоење судир на интерес и<br>- кога Директорот дал неточна изјава за постоење судир на интерес | Не |
| | 3.3 Постапување на членовите на комисиите согласно Кодексот на однесување при спроведување на јавните набавки | Сите назначени членови на комисии за јавни набавки во Агенцијата | Континуирано | Доставени пријави до овластено лице за прием на пријави од укажувачи во Агенцијата | Не |

ОБЛАСТ: **2. ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРИЈАВИ НА УКАЖУВАЧИ**

| Мерка | Активност | Надлежна организациона единица/назначено лице | Рок за реализација | Индикатор на исполнување | Финансиски импликации |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Доследно спроведување на Законот за заштита на укажувачи, соодветните подзаконски акти и Упатството за | 1.1. Навремено и законско постапување по поднесените пријави од укажувачи | Овластено лице за прием на пријави од укажувачи | Континуирано | Доставени одговори и преземени мерки по | Не |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите и преземање мерки за обезбедување заштита на личните податоци и други податоци на укажувачите на Агенцијата | 1.2. Известување за преземените мерки на подносителите на пријави во законски утврдениот рок | | | поднесени пријави | |
| 2. Зголемување на познавањата на овластеното лице за прием на пријави од укажувачи во Агенцијата | 2.1. Обука на овластеното лице во Агенцијата за прием на пријави од укажувачи | Овластено лице за прием на пријави од укажувачи | Континуирано | Број на одржани обуки | Да |

ОБЛАСТ: 3. **ПОСТАПКИ ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

| **Мерка** | **Активност** | **Надлежна организациона единица/назначено лице** | **Рок за реализација** | **Индикатор на исполнување** | **Финансиски импликации** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.Зголемување на институционалната транспарентност на Агенцијата како имател на информации | 1.1. Објавување на побараните информации од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер на веб страната на Агенцијата | Службено лице за посредување со информации од јавен карактер | Континуирано | Објава на веб страна на Агенцијата – имател на информации | Не |
| | 1.2. Објавување податоци за Агенцијата како имател на информации,наведени во член 10 од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер – активна транспарентност | Службено лице за посредување со информации од јавен карактер<br><br>Сектор за поддршка на работата на | Континуирано | Објава на веб страна на Агенцијата – имател на информации | Не |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Директорот и на Советот на Агенцијата | | | |
| | 1.3. Обуки за службеното лице за посредување со информации од јавен карактер | Службено лице за посредување со информации од јавен карактер | Иницијално после назначување и унапредување при измени на законска регулатива | Број на обуки | Не |
| 2. Навремено спроведување на постапки за остварување на право на слободен пристап до информации од јавен карактер | 2.1.Прием и постапување по поднесените Барања за пристап до информации од јавен карактер, согласно Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер | Службено лице за посредување со информации од јавен карактер | Веднаш, а најдоцна во рок од 20 дена од денот на приемот на барањето | Број на одговорени Барања за информации од јавен карактер од правни и физички лица | Не |

ОБЛАСТ: 4. **ПЛАНИРАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО ФИНАНСИИ**

| **Мерка** | **Активност** | **Надлежна организациона единица/назначено лице** | **Рок за реализација** | **Индикатор на исполнување** | **Финансиски импликации** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.Соодветно планирање и реализација на буџетот на Агенцијата | 1.1.Планирање на годишниот буџет согласно реалните потреби | Сите релевантни организациони единици во Стручната служба на Агенцијата | Континуирано | Доставени прилози од секторите и службата за внатрешна ревизија до Секторот за финансиски работи и логистика со цел подготовка на Финансиски план | Да |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 1.2.Транспарентност на трошењето на средствата предвидени во Финансискиот план | Сектор за поддршка на работата на Директорот и Советот на Агенцијата | Континуирано | Објавен Финансиски план на веб страницата на Агенцијата<br><br>Објавен Годишен извештај за работа на Агенцијата на веб страницата на Агенцијата | Не |
| ОБЛАСТ: 5. **КАДРОВСКА ПОЛИТИКА, ПРОФЕСИОНАЛНО И ЕТИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ** | | | | | |
| **Мерка** | **Активност** | **Надлежна организациона единица/назначено лице** | **Рок за реализација** | **Индикатор на исполнување** | **Финансиски импликации** |
| 1. Вработувања базирани на систем на вредности и критериуми за квалитет | 1.1.Вработувања согласно позитивните законски прописи и интерните акти | Комисија за спроведување на оглас за вработување | Континуирано | Извршени интервјуа/тестирања/извештаи на Комисијата за спроведување на огласот за вработување | Не |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2.Транспарентност на процесот на вработување | 2.1.Зголемување на достапноста и јавноста на огласите за вработување | Сектор за поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата | Континуирано | Објавени огласи за вработување во дневни весници и на веб страницата на Агенцијата | Да |
| 3.Доследно почитување на професионалните, етичките и институционалните правила на работење | 3.1.Едукација на вработените за зголемување на интегритетот и професионалноста во работењето, со посебен акцент на нововработените лица | Сектор за правни работи и јавни набавки, вклучувајќи ги сите организациони единици | Континуирано | Дистрибуција на важечките интерни акти, кодекси прописи до сите вработени и по потреба специјализиран и обуки | Не |

ОБЛАСТ: 6. **СПРОВЕДУВАЊЕ НАДЗОР**

| Мерка | Активност | Надлежна организациона единица/назначено лице | Рок за реализација | Индикатор на исполнување | Финансиски импликации |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Одржување високо ниво на отпорност кон корупција при надзорот и изрекувањето мерки | 1.1. Доследно спроведување на ИСО процедурите за вршење надзор | Сите организациони единици кои вршат надзор | Континуирано | Почитување на процедурите за надзор и нивоата на проверка на извештаите | Не |
| | 1.2. Одговорно и доследно постапување при обезбедување снимки, давање предлози за мерки и нивно изрекување, како и при изработка на мерките, архивирањето и застапувањето пред надлежните судови | Сите организациони единици во Стручната служба и органите на Агенцијата | Континуирано | Континуирана достапност на снимки, наоди од извештаи од внатрешни ИСО проверувачи, наоди од внатрешна ревизија, | Не |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | извештаи на релевантни домашни и меѓународни организации | |
| 2. Пријавување на сите обиди за влијание или притисок при надзорот и изрекувањето мерки | 2.1. Практично спроведување на донесената Процедура за пријавување обиди за притисок при надзорот и изрекувањето мерки | Сите организациони единици кои вршат надзор | Континуирано | Ефекти и резултати од практичното спроведување на донесената Процедура за пријавување обиди за притисок при надзорот и изрекувањето мерки | Не |

Преку овие механизми се обезбедува ефикасен процес на следење и мониторинг, се овозможува детектирање на недостатоци, доколку ги има, и дополнително се минимизира потенцијалот за појава на судир на интереси и се обезбедува работење во кое се отсликува професионализам и интегритет.

Годишниот план за спречување на корупцијата за 2023 година ќе биде доставен до сите организациони единици во Агенцијата, со цел вработените во стручната служба на Агенцијата да се запознаат со целите и механизмите за справување со корупција и нивните обврски во иднина.

Бр. 03-4724/1
22.12. 2022 година
С к о п ј е

Агенција за аудио
и аудиовизуелни медиумски услуги
Директор,

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ